Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 февруари 2023 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше  д-р Димитар Ковачевски, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Славјанка Петровска, министер за одбрана.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево за 2023 година

3. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост

4. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2023 година, Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука

5. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки

6. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка

9. Информација во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2023 година, со текст на Оперативен буџет

10. Информација за потребата од аерофотограметриско снимање, изработка на ортофото карти и дигитализација на употребата на земјоделско земјиште за територијата на Република Северна Македонија

11. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица КО Катланово, Општина Петровец, со Предлог-одлука

12. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

13. Информација за саеми од областа на земјоделството кои ќе бидат поддржани од страна на Владата на Република Северна Македонија за национална промоција на македонското земјоделско производство во 2023 година

14. Информација за Индикаторски извештај за животната средина-2022 година, со Индикаторски извештај

15. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-бакар, злато, сребро, олово и цинк на локалитетот „Башибос-Бајрамбос“, Општина Дојран на Друштвото за промет и услуги Сурскор ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

16. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот „Гулабова Пештера“ с. Бешиште, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија на големо и мало Арини фешн Василопулос Георгиос ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп

17. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Минерал АС ДОО Марена Кавадарци на локалитетот „Скрка“, с.Дебриште, Општина Росоман.

18. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на Друштвото за производство, трговија и транспорт Миса-МГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот „Орловац“, с.Клечовце и с.Зубовце, Општина Куманово

19. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино и Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино

20. Предлог-одлука за определување на висината на надоместокот за учество во работата на Советот за заштита на потрошувачите

21. Предлог-одлука за формирање на Комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акционен план

22. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во Катастарската општина Оптичари Општина Битола

23. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка со Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и угостителство Алекс-3 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

24. Информација во врска со наплата на побарувањата по основ на асистенција на Министерството за внатрешни работи

25. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО-мисијата („NATO Mission Iraq-NMI“) во Ирак.

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението Клуб на генерали за актуелни прашања од областа на безбедноста и одбраната, Скопје

27. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул

28. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит

29. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова

30. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција

31. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Обединетите Мексикански Држави во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

32. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Обединетите Мексикански Држави во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

33. Информација за Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 17 март 2022 година, преку видеоконференциска врска

34. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор меѓу Република Северна Македонија и Украина за социјално осигурување, со Нацрт-текст на договор

35. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (мебел)

36. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (мебел)

37. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (мебел)

38. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (мебел)

39. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (мебел)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (за потребите на ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ п.о. Берово).

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци (мебел)

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (мебел)

43. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце (таблети)

44. Годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2022 година

45. Барање за давање на автентично толкување на членот 115 ставови (12) и (15), а во врска со членот 109 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), поднесено од пратеникот Бети Стаменкоска-Трајкоска

46. Барање за давање на автентично толкување на член 20 точка 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), поднесено од градоначалникот на Општина Кавадарци

47. Извештај за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија за периодот јануари-декември 2022 година

48. Предлог-одговор на пратеничко прашање од Илија Николовски, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поставено меѓу две седници на Собранието на Република Северна Македонија, односно на 11 ноември 2022 година

49. Иницијатива од Васил Миовски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.134/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 250 став 4 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05)

50. Понуда од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.709 за КО Мажучиште, на КП бр.1874/2, викано место/улица „Село“, Имотен лист бр.853 за КО Мажучиште, на КП бр.1874/1, КП бр.1871/2 и КП бр.1871/3 викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.548 за КО Мажучиште, на КП бр.1874/2, викано место/улица „Село“

51. Понуда од нотар Горан Димановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94036 за КО Битола 4, на КП бр.5127 и КП бр.5142/1 , викано место/улица „Довлеџик“

52. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13096, за КО Сарај на КП бр.12139/3, викано место/улица „Сарај“

53. Понуда од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36600 за КО Прилеп, на КП бр.8551 и Имотен лист бр.36382 за КО Прилеп, на КП бр.8550, викано место/улица „Мерите“

54. Известување од извршител Дејан Костовски од Охрид, доставено под И.бр.8/2022, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.93678, Имотен лист бр.188295 и Имотен лист бр.188445 за КО Охрид 2

55. Кадровски прашања

56. Прашања и предлози

57. Извештај за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација, за периодот октомври-декември 2022 година

58. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во периодот од 1 октомври до 31 декември 2022 година

59. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за четврти квартал 2022 година

60. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за период од 1 јули 2022 година до 30 септември 2022 година

61. Извештај за работата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за период од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година

62. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес за периодот октомври-декември 2022 година

63. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.4.2022 година до 30.6.2022 година

64. Информација за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Преземени мерки и политики од страна на Република Северна Македонија/надлежни органи со цел ублажување на климатските промени“

65. Извештај на Општина Велес за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-7523/1 од 30.8.2022 година

66. Извештај на Општина Градско за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година

67. Извештај на Општина Арачиново за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-7523/1 од 30.8.2022 година

68. Извештај на Општина Росоман за реализација на одобрените средства по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година (за исплата на штета од елементарни непогоди)

69. Информација за напредокот на родовите прашања во последните две децении во Република Северна Македонија

70. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија

71. Информација за потребата од повторно отворање на дописнички места на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција"-Скопје во Брисел, Вашингтон и Атина и продолжување на соработката со соработници во Софија, Париз, Белград и Приштина

72.Предлог-одлука за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон Криволак, со Предлог-одлука

73. Предлог-одлука за изведување на вежбовна активност „CMX 23" во Република Северна Македонија

74. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CMX 23 (Crisis Management Exercise)" во Кралството Белгија

75. Информација за подготовка на билатерални состаноци од Кластер 2 Внатрешен пазар-Поглавје 2 Слободно движење на работници, Поглавје 9 Финансиски услуги, Поглавје 28 Заштита на потрошувачи и јавно здравје и Поглавје 8 Политика на конкуренција

76. Информација за потребата од обезбедување на финансиски средства за функционирање на националните установи од областа на културата и за исплата на партиципации, котизации, контрибуции кои произлегуваат од членство во меѓународни организации за 2023 година

77. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало

78. Информацијата со споредбена анализа за потрошена електрична енергија од државните институции за ноември и декември 2022 и јануари 2023 година

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Имотен лист бр. 49261) и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Имотен лист бр. 45051)

80. Акциски план за елиминирање на субвенциите во секторот за електрична енергија во Република Северна Македонија во период од 2023 до 2026 година (работна верзија)

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со

Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево за 2023 година.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост.

**Точка 4**

Владата ги разгледа Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2023 година, Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија за 2023 година, со Предлог-одлука и заклучи:

1. Ја донесе Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2023 година.

2.Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за лекови и медицински средства.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за млади и спорт.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за радијациона сигурност.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот архив на Република Северна Македонија.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство.

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура.

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство.

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски -Капетанија на пристаништата.

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски-Управа за сигурност во железничкиот систем.

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството труд и социјална политика.

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за управување со кризи.

16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Инспекциskиот совет.

17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението на класични филолози Антика-Скопје.

18. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии-Царинска управа.

**Точка 6**

Владата ги разгледа Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година и Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година.

2. Ја разгледа Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Билјана Здравева, раководител на сектор во Министерство за транспорт и врски.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2023 година, со текст на Оперативниот буџет и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2023 година.
2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија ДООЕЛ за одобрувањето на Оперативниот буџет за 2023 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од аерофотограметриско снимање, изработка на ортофото карти и дигитизација на употребата на земјоделско земјиште за територијата на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка за што е потребно користење на буџетски средства во 2023 и 2024 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за реализација на активностите за аерофотограметриско снимање, изработка на нови ортофото карти и дигитизација на употребата на земјоделско земјиште за територијата на Република Северна Македонија во вкупен износ од 43.050.000,00 денари и тоа:

- за 2023 година 30.625.000,00 денари и
- за 2024 година 12.425.000,00 денари.

2. Даде согласност за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка за што е потребно користење на буџетски средства во 2023 и 2024 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за реализација на активностите за спроведување на независна контрола на квалитет на изработените податоци (аерофотограметриско снимање, изработка на нови ортофото карти и дигитизација на употребата на земјоделско земјиште), во вкупен износ од 6.150.000,00 денари и тоа:

- за 2023 година 4.375.000,00 денари и
- за 2024 година 1.775.000,00 денари.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги прикаже потребните буџетски средства за 2024 година во буџетскот циркулар за фискалната 2024 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во првиот квартал од 2023 година да отпочне постапка за јавна набавка на услуга за спроведување на аерофотограметриско снимање и изработка на ортофото карти за територијата на Република Северна Македонија.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во првиот квартал од 2023 година да отпочне постапка за јавна набавка на услуга за спроведување на независна контрола на квалитет на изработените податоци (аерофотограметриско снимање, изработка на нови ортофото карти и дигитизација на употребата на земјоделско земјиште).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица КО Катланово, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица КО Катланово, Општина Петровец.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Македонски Брод и Неготино.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за саеми од областа на земјоделството кои ќе бидат поддржани од страна на Владата на Република Северна Македонија за национална промоција на македонското земјоделско производство во 2023 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до крајот на декември 2023 година да спроведе истражување за саеми од областа на земјоделството за свежо овошје и зеленчук, преработувачката и винската индустрија кои се од интерес на Република Северна Македонија кои би биле поддржани во наредните три години и за истото да ја извести Владата на Република Северна Македонија до крајот на јануари 2024 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за Индикаторски извештај за животната средина-2022 година, со Индикаторски извештај и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Индикаторски извештај за животната средина- 2022 година.

2. Го усвои Индикаторскиот извештај за животната средина-2022 година и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-бакар, злато, сребро, олово и цинк на локалитетот „Башибос-Бајрамбос“, Општина Дојран на Друштвото за промет и услуги Сурскор ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-бакар, злато, сребро, олово и цинк на локалитетот „Башибос-Бајрамбос“, Општина Дојран на Друштвото за промет и услуги Сурскор ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува Министерството за економија со решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-бакар, злато, сребро, олово и цинк на локалитетот „Башибос-Бајрамбос“, Општина Дојран на Друштвото за промет и услуги Сурскор ДООЕЛ Скопје, имајќи ги предвид негативните мислења од Општина Дојран и Општина Валандово.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот „Гулабова Пештера“ с. Бешиште, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија на големо и мало Арини фешн Василопулос Георгиос ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Минерал АС ДОО Марена Кавадарци на локалитетот „Скрка“, с.Дебриште, Општина Росоман.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на Друштвото за производство, трговија и транспорт Миса-МГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот „Орловац“, с.Клечовце и с.Зубовце, Општина Куманово.

**Точка 19**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино.
2. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за определување на висината на надоместокот за учество во работата на Советот за заштита на потрошувачите.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за изработка и следење на спроведувањето на предвидените мерки и остварување на целите на Националниот акциски план.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализацијата на оваа активност да ја спроведе во рамките на сопствениот буџет за 2023 година.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса претежно во Катастарската општина Оптичари Општина Битола.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка со Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и угостителство Алекс-3 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и угостителство Алекс-3 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, да испрати писмено известување со барање за поврат на примената финансиска поддршка во износ од 9,800,000 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со наплата на побарувањата по основ на асистенција на Министерството за внатрешни работи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат државните органи наведени во табелата и тоа:

| **КОМИТЕНТ** | **ИЗНОС** |
|---|---|
| Министерство за одбрана | 7.080,00 |
| КПУ Затвор-Прилеп | 56.357,00 |
| КПУ Затвор Скопје-Скопје | 2.965.101,00 |
| Министерство за труд и социјална политика | 3.540,00 |
| Основен кривичен суд | 72.216,00 |
| Основен суд-Струмица | 670,00 |
| КПУ Идризиво | 1.815.671,00 |
| КПУ Затвор-Куманово | 1.817.581,00 |
| Основно Јавно обвинителство | 19.824,00 |
| **ВКУПНО:** | **6.758.040,00** |

по чии барања за асистенција се постапува согласно законските основи, односно по чии барања веќе е постапено во изминатиот период, да ги надоместат трошоците во рок од 30 дена за

дадена асистенција на Министерството за внатрешни работи, врз основа на претходно доставени фактури.

2. Се задолжуваат Казнено-поправните установи наведени во табелата:

| **КОМИТЕНТ И ГОДИНА** | **ИЗНОС** |
|---|---|
| КПУ Затвор Скопје-2017, 2018, 2019 | 23.724.520,00 |
| КПУ Идризово -2018, 2019 | 474.252,00 |
| КПУ Затвор Прилеп -2017, 2020, 2021 | 5.979.264,00 |
| КПУ Затвор Битола-2017, 2018 | 8.266.893,00 |
| КПУ Штип-2017 | 463.670,00 |
| **ВКУПНО:** | **38.908.599,00** |

да постапат согласно Заклучокот од Нацрт-записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10.5.2022 година, бр.41-17/44 со кој Владата го задолжи директорот на Управата за извршување на санкциите, да изврши уплата на Министерството по основ на долг, односно да изврши уплата на преостанатиот неплатен долг во износ од 38.908.599,00 денари.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, наплатата на предметните побарувања, да се реши спогодбено меѓу буџетските корисници и истите да бидат во рамките на предвидените буџети.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија и вработени во Министерството за одбрана за учество во НАТО-мисијата („NATO Mission Iraq-NMI“) во Ирак.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението Клуб на генерали за актуелни прашања од областа на безбедноста и одбраната, Скопје.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Истанбул.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Обединетите Мексикански Држави во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Обединетите Мексикански Држави во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 17 март 2022 година, преку видеоконференциска врска и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање):

Животна средина

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина усогласен со Директивата 2014/52/ЕУ и да го достави до Владата, најдоцна до 28.3.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да утврди динамика за подготовка и усвојување на нов закон за животна средина и за истото да ја информира Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање- Државен инспекторат за животна средина да достави информација за реализација на Годишниот план за вработување за 2022 година и статус на Годишниот план за вработување за 2023 година, во насока на зајакнување на инспекциските капацитети со цел спроведување на законодавството за животна средина, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина да достави информација за реорганизација на инспекцискиот систем во животната средина на централно и локално ниво до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне со подготовка на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух 2024-2028 година и

Националната програма за контрола на загадувањето на воздухот 2024-2034 година, најдоцна до 1.9.2023 година.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да даде поддршка на единиците на локалната самоуправа од Североисточниот и Источниот Регион за основање на претпријатија за управување со отпад согласно Законот за јавните претпријатија и за истото да ја информираат Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна 15.3.2023 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна дебата за Планот за управување со сливот на реката Вардар и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна 28.3.2023 година.

8. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии да направат анализа за можноста за подобрување на финансиските ресурси за континуирано и правилно управување со заштитени области и за истото да ја информираат Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 1.6.2023 година.

9. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви нов предлог на закон за заштита на природата и да го достави до Владата, најдоцна до 15.3.2023 година.

10. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви Предлог на закон за репрогласување на Национален парк Маврово за заштитено подрачје и да го достави до Владата, најдоцна до 31.12.2023 година.

11. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви предлог на закон за контрола на индустриски емисии и да го достави до Владата, најдоцна до 28.3.2023 година.

12. Се задолжува Министерството за здравство да информира за статусот на спроведување на препораките од Процената на подготвеноста на националните капацитети и инфраструктура за спроведување на законодавството на Европската Унија за хемикалии за Република Северна Македонија од Европската агенција за хемикалии до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

13. Се задолжува Министерството за финансии преку Секторот за централно финансирање и склучување на договори да потпише договор за изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола и за истото да ја информира Европската комисија, најдоцна до 31.7.2023 година.

14. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да пристапи кон подготовка на целокупната тендерска документација за изградба на пречистителна станица за отпадни води и продолжување на канализационата мрежа во Општина Тетово, најдоцна до 14.4.2023 година, а Секторот за централно финансирање и склучување на договори, во рамки на Министерството за финансии да потпише договор за изградба на пречистителна станица за отпадни води и продолжување на канализационата мрежа во Општина Тетово и за истото да ја информира Европската комисија, најдоцна до 15.12.2023 година.

15. Се укажува на Градот Скопје да ги преземе сите потребни активности во рамки на своите надлежности кои претходат и од кои зависи потпишувањето на договорот за изградба на пречистителната станица за отпадни води во Скопје, како и активностите кои се услови за ефективност и повлекување на средствата од заемите од Европската банка за обнова и развој и Европската инвестициска банка, најдоцна во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација.

16. Се укажува на ЈП Водовод и канализација-Скопје да потпише договор за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Скопје, најдоцна до 15.3.2023 година.

Цивилна заштита

17. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи да подготви пишана информација на англиски јазик за напредокот во воспоставување на нов единствен систем за управување со кризи, заштита и спасување на сите нивоа, согласно Оценската мисија за цивилна заштита од 2018 година, за период од март до декември 2022 година и да ја достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

18. Се задолжува Националниот координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за одбрана, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, да информира за направената анализа за подобрување на сопствената улога при дефинирање на нов единствен систем за управување со кризи, заштита и спасување до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

19. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да го реализира поврзувањето со Заедничкиот комуникациски и информациски систем за итни случаи и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

20. Се задолжува Центарот за управување со кризи да овозможи пристап на јавноста до платформата „е-оценка“ и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

Климатска акција

21. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања за тековната ситуација во однос на пополнувањето на работните места во Одделението за климатски промени во Секторот за одржлив развој и инвестиции во Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 28.3.2023 година.

22. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви предлог на закон за климатска акција, усогласен со барањата на Енергетската заедница за рефлексија на целите за декарбонизација и да го достави до Владата, најдоцна до 28.3.2023 година.

23. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и

инвестиции да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања за статусот на апликацијата до Зелениот климатски фонд за финансирање на подготовка на Национален план за адаптација, најдоцна до 28.3.2023 година.

Регионална политика

24. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да ја зајакне работата на секторската работна група за регионален развој и другите механизми за координација со цел одржливо креирање на политиките за регионален развој и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

25. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација при подготовка на Единствената листа на проекти од нивна надлежност согласно усвоената Методологија на Европската Унија за идентификација, подготовка и избор за финансирање на приоритетните инфраструктури инвестициски проекти во земјите од Западен Балкан, да применуваат транспарентна и инклузивна методологија, да дефинираат јасни одговорности на засегнатите страни, при тоа да се земат предвид приоритетите и начелата од Зелениот договор, енергетска независност и одржливост, како и начелото „никој да не заостанува“, со цел подобрување на политиката на инвестирање и за истото да ја информираат Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

26. Се задолжува Министерството за локална самоуправа во соработка со Министерството за финансии да преземе мерки за побрзо воспоставување на електронскиот систем за регионален развој (SIRERA) и негово поврзување со соодветниот систем на Министерството за финансии, со цел да се добие преглед на сите проекти кои се финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија, кои имаат влијание врз регионалниот развој, во насока на постигнување на 1% бруто национален производ и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

27. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање-Националниот координатор за авторизација/Управувачката структура, да подготви пакет документација и да достави барање за доделување со право за индиректно управување (акредитација) со Годишната акциска програма за 2022 година од ИПА III и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.6.2023 година.

28. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да преземат соодветни мониторинг алатки, редовни посети на лице место, комуникација со релевантните страни, засилен систем на следење на големи инфраструктурни ИПА проекти, а со цел навремено идентификување на ризиците и проблемите и утврдување на соодветно решение за спроведување на проектите финансирани од Европската Унија во областите транспорт и животна средина, најдоцна до 28.3.2023 година.

29. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација по обезбедувањето на официјалните мислења од Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, до Владата да го достави новиот предлог на закон за административни службеници, кој ќе содржи системско решение за задржување на кадарот,

јасно следејќи ги начелата за реформа на јавната администрација и политиката за задржување на кадарот, најдоцна до 28.3.2023 година.

30. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да обезбедат минимум број на потребни вработени во рамки на ИПА структурите, најдоцна до март 2023 година, додека оптималниот број на потребни вработени согласно анализите за обем на работа, најдоцна до крајот на јуни 2023 година, имајќи ја во предвид можноста за интерни прераспределувања, унапредувања и нови вработувања.

31. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го зајакне ИПА Центарот за обуки преку осигурување постојан механизам за градење на административните капацитети кои се вклучени во управувањето со фондовите на Европската Унија, најдоцна до 28.3.2023 година.

32. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го зајакне административниот капацитет на структурата одговорна за територијална соработка во рамките на Министерството, најдоцна до 28.3.2023 година.

33. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да гарантира соодветно и навремено национално кофинансирање за претстојните програми на Европската Унија на национално и локално ниво и за истото да ја информира Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

34. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го подобри спроведувањето на Договорот за техничка помош за поддршка на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Северна Македонија и Албанија, со цел целосна искористеност на доделени средства, се до постигнување на стапка на апсорпција на Договорот од 90%.
Транспорт

35. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви предлог-пропис за интелигентни транспортни системи (ИТС), најдоцна до 31.12.2023 година.
36. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, до Владата да достави предлог на закон за основање на Агенција за безбедност на сообраќајот на патиштата, најдоцна до 30.4.2023 година.

37. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, да подготви и до Владата да достави предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, со цел да се создадат услови за отворање на пазарот за железнички услуги , најдоцна до 1.12.2023 година.

38. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави нов предлог на закон за железнички систем, нов предлог на закон за безбедност во железничкиот систем и нов предлог на закон за интероперабилност во железничкиот систем усогласени со четвртиот пакет на законодавството за железници на Европската Унија, вклучително и со сите технички спецификации за интероперабилност, најдоцна до 31.12.2023 година.

39. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви преглед за пазарот на внатрешен воден транспорт во Република Северна Македонија и да го достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 28.3.2023 година.

Енергетика

40. Се задолжува Министерството за економија да ги донесе подзаконските акти за спроведување на Законот за енергетска ефикасност, најдоцна до 15.12.2023 година.

41. Се задолжува Министерството за економија, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за биогориво, усогласен со Директивата за обновливи извори на енергија, најдоцна до 15.12.2023 година.

**Точка 34**

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор меѓу Република Северна Македонија и Украина за социјално осигурување, со Нацрт-текст на договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на договорот меѓу Република Северна Македонија и Украина за социјално осигурување.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договорот.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на договорот согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.
4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на договорот.

**Точка 35**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Стив Наумов“, Скопје-Гази Баба).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Дане Крапчев“, Скопје-Гази Баба).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, Стајковци-Гази Баба-Скопје).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Крсте Мисирков“, Гази Баба-Скопје).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Крум Тошев“, Трубарево-Скопје).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Наум Наумовски Борче“, Гази Баба-Скопје).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Његош“, Јурумлери-Гази Баба Скопје).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „25 Мај“, Гази Баба-Скопје).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Вера Јоциќ“, Гази Баба-Скопје).

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Григор Прличев“, Гази Баба-Скопје).

**Точка 36**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на ООУ „Д-р Владимир Полежиноски“-Кичево).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на Централното основно училиште „Реџо Рушит- Зајази“, с. Зајас Ц.О).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево (за потребите на Централното основно училиште „Санде Штерјоски“, Кичево).

**Точка 37**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (за потребите на ООУ „Крсте Мисирков“, Гевгелија).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (за потребите на ООУ „Владо Кантарџиев“, Гевгелија).

**Точка 38**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (за потребите на ООУ „Ванчо Прке“, Делчево).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“, Делчево).

**Точка 39**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“, Битола);

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Елпида Карамanди“, Битола);

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“, Битола);

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Коле Канински“, Битола);

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Стив Наумов“, Битола);

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Тодор Ангелевски“, Битола);

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „д-р Трифун Пановски“, Битола);

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Битола) и

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Даме Груев“, Битола).

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (за потребите на ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ п.о. Берово).

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци (за потребите на ООУ „Петар Мусев“, Богданци).

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (за потребите на ООУ „Св. Кирил и Методиј“, с. Иловица Босилово).

**Точка 43**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце (за потребите на ООУ „Симче Настовски“, с. Вратница, Јегуновце).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце (ООУ „Шемшево“, с. Шемшево, Јегуновце).

**Точка 44**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2022 година и нема забелешки по истиот.

**Точка 45**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 115 ставови (12) и (15), а во врска со членот 109 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), поднесено од пратеникот Бети Стаменкоска-Трајкоска и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 115 од Законот за основното образование:

„(1) Директорот на општинско основно училиште го избира и разрешува градоначалникот, по предлог на училишниот одбор на основното училиште.

(2) Директорот на државно основно училиште го избира и разрешува министерот, по предлог на училишниот одбор на основното училиште.

(3) Градоначалникот, односно министерот, три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас за избор на директор.

(4) Ако градоначалникот, односно министерот, не постапи во рокот утврден во ставот (3) од овој член, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор.

(5) Во јавниот оглас објавен во јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

(6) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи до училишниот одбор на училиштето. Кандидатите кон пријавата мораат да приложат програма за работа на училиштето за период од четири години.

(7) Пристигнатите документи ги прегледува комисија составена од три члена, избрана од редот на членовите на училишниот одбор, чија надлежност се утврдува со статутот на училиштето.

(8) Комисијата од ставот (7) на овој член, е должна во рок од пет дена по завршувањето на јавниот оглас да ги разгледа пристигнатите документи.

(9) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во јавниот оглас им се враќаат документите со образложение во рок од три дена од денот на разгледувањето на истите.

(10) Училишниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно со одредбите во статутот на училиштето.

(11) Училишниот одбор и претставникот од Бирото вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

(12) Училишниот одбор на општинското основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на училишниот одбор.

(13) Училишниот одбор на државното основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на министерот му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број на членовите на училишниот одбор.

(14) Градоначалникот, односно министерот во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот го именува предложениот кандидат за директор на основно училиште.

(15) Ако градоначалникот во рокот утврден во ставот (14) од овој член, не го именува директор, именувањето го врши министерот.

(16) Кандидатите кои не се именувани во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(17) Против одлуката на комисијата од ставот (16) на овој член, кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.“

Исто така, согласно член 109 од Законот за основното образование:

„(1) Орган на раководење во основното училиште е директорот.

(2) Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално финансиското работење на училиштето.

(3) За директор на основно училиште може да се избере лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор за основно училиште и во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, да има соодветен сертификат, не постар од пет години, за познавање на англискиот јазик ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT)-најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS)-најмалку 3 бода, БУЛАТС (BULATS)-најмалку 20 бода или КЕТ (KET) (Cambridge English)-положен, или АПТИС (APTIS)-најмалку ниво Б2 (B2). Предност имаат кандидати со звање ментор и советник.

(4) Доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.
(5) Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот (4) на овој член, му престанува мандатот на директор.

(6) Мандатот на директорот трае четири години.

(7) На наставник или стручен соработник кој е избран за директор на основно училишта му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата директор на основно училишта и има право во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на

работа во училиштето, односно установата каде работел пред да биде избран за директор, за вршење на работи кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

(8) Ако за наставникот или стручниот соработник од став (7) на овој член, нема слободно работно место каде што работел пред да биде избран за директор, наставникот или стручниот соработник се распоредува и заснова работен однос на неопределено работно време на соодветно работно место за вршење работи кои одговараат на неговиот вид и стручна подготовка, во друго училиште на подрачјето на општината, односно општините во Градот Скопје.“

Имајќи предвид дека одредбите од член 115 и член 109 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), се прецизни и јасни, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 115 и член 109 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), поднесено од пратеникот Бети Стаменкоска-Трајкоска.

**Точка 46**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 20 точка 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), поднесено од градоначалникот на Општина Кавадарци и притоа го утврди следното мислење:

Од страна на градоначалникот на Општина Кавадарци поднесено е барање за автентично толкување на членот 20 став (8) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, поради тоа што општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје при спроведување на одредбите од наведениот закон се соочувале со правни проблеми кои се состоеле во тоа што по издавањето на урбанистичка согласност и изготвувањето и доставувањето на заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус, немале механизам за наплата по заклучокот ако барателот не го платил надоместокот согласно член 20 став (8), каде е наведено дека надоместокот барателот може да го плати еднократно во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот или одложено на дванаесет месечни рати.

Од тие причини подносителот бара Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на наведената законска одредба, како да се постапува во случај кога барателот не го платил надоместокот еднократно во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот или нема склучено договор за одложено плаќање на дванаесет месечни рати.

Со членот 20 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти се уредуваат роковите и надлежните органи за изготвување на заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект, начинот на утврдување на висината на надоместокот во зависност од видот на бесправниот објект, начинот на плаќање на надоместокот, како и други прашања поврзани со овој надоместок.

Членот 20 став (8) од Законот кој е предмет на барањето за автентично толкување гласи:
„Надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект, барателот може да го плати еднократно во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот или одложено на дванаесет месечни рати. Доколку надоместокот се плаќа одложено, барателот е должен со

единицата на локалната самоуправа да склучи договор за одложено плаќање на надоместокот за утврдување на правен статус.“.

Со наведениот член од Законот е пропишан начинот на плаќање на надоместок за утврдување на правен статус од страна на барателите кои се иматели на бесправни објекти кои ги исполниле условите за утврдување на правен статус, при што согласно истиот надоместокот може да се плати еднократно во рок од десет работни дена или одложено на дванаесет месечни рати во кој случај барателот е должен со единицата на локалната самоуправа да склучи договор за одложено плаќање на надоместокот за утврдување на правен статус.

Во контекст на плаќањето на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект треба да се има во предвид и членот 20 став (17) од Законот, согласно кој е пропишано дека во заклучокот за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект од ставот (1) на овој член, не се утврдува рок за плаќање на надоместокот.

Исто така, треба да се има предвид и членот 21 став (3) од Законот согласно кој за објектите од значење за Републиката и за линиски инфраструктурни објекти согласно со Законот за градење и друг закон, чиишто иматели се приватни субјекти или други мешовити субјекти со доминантна приватна сопственост, за објектите од локално значење согласно со Законот за градење, за објектите на приватните и мешовитите здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, за електронските комуникациски мрежи и средства, надлежниот орган од ставот (2) на овој член е должен да донесе решение за утврдување на правен статус во рок од пет работни дена од денот на доставувањето на доказ за платен надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект или договор за одложено плаќање на овој надоместок или потврда дека барателот е корисник на социјална помош.

Согласно наведените законски одредби произлегува дека во Законот за постапување со бесправно изградени објекти не е утврден преклузивен рок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект во кој барателите се должни да го платат надоместокот, особено што во членот 20 став (17) од Законот јасно и недвосмислено е пропишано дека во заклучокот за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект не се утврдува рок за плаќање на надоместокот.

Во членот 20 став (8) од Законот пропишан е рок од 10 работни дена, во кој барателот може да го плати надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект, кој е инструктивен рок за барателот побрзо да го плати надоместокот или да склучи договор за одложено плаќање на истиот, а имајќи го предвид членот 21 став (3) од Законот произлегува дека единствена последица од неплаќањето на надоместокот е недонесување на решение за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба од автентично толкување на членот 20 став (8) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и 174/21).

**<u>Точка 47</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија за периодот јануари-декември 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Во согласност со член 12 став 1 алинеја 9 од Законот за државната статистика, Советот за статистика на Република Северна Македонија поднесува до Собранието на Република Северна Македонија Годишен извештај за својата работа. Во Извештајот наведени се материјалите разгледани од страна на Советот за статистика на Република Северна Македонија за наведениот период.

Владата нема забелешки по Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Северна Македонија за периодот јануари-декември 2022 година, имајќи го предвид информативниот карактер на истиот.

**Точка 48**

Владата го разгледа Предлог-одговорот на пратеничко прашање од Илија Николовски, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поставено меѓу две седници на Собранието на Република Северна Македонија, односно на 11 ноември 2022 година (подготвен од Агенцијата за катастар на недвижности, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Министерството за финансии- Управа за имотно-правни работи), го утврди Одговорот и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Иницијативата од Васил Миовски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.134/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 250 став 4 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 250 став (4) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), сметајќи дека е во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и член 199 став (3) од Законот за облигационите односи.

Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека одредбите од член 250 став (4) од Царинскиот закон, за враќање на неоснованo наплатениот царински долг кога правниот основ подоцна отпаднал, е во спротивност со правниот поредок и владеењето на правото и одредбите на член 199 став (3) од Законот за облигационите односи.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека вака како што било регулирано со предметната одредба, должникот, односно странката која водела управна постапка за ништовност, додека истата траела не била во можност да поднесе писмено барање за враќање на царинскиот долг кога управниот акт со кој бил задолжен не бил поништен во управна постапка или во управен спор, при што управната постапка и управниот спор можело да трае подолго од три години, така што на царинскиот должник со вака утврдената законска одредба му било скратено правото да поднесе барање, односно поднесеното барање да му биде одбиено како застарено.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Според член 33 од Уставот, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Согласно член 4 точка 13 од Царинскиот закон, царински долг е обврска на лице да го плати износот на увозни давачки (царински долг при увоз) или извозни давачки (царински долг при извоз) кои се пропишани за одредена стока според прописите на Република Северна Македонија.

Според точка 14 од истиот член, увозни давачки се царина и други давачки со еднаков ефект на царина кои се плаќаат при увоз на стока.

Согласно точка 15 од истиот член, извозни давачки се царина и други давачки со еднаков ефект на царина кои се плаќаат при извоз на стока.

Согласно член 7 став (1) од Царинскиот закон, ако со овој закон поинаку не е определено, царинскиот орган што ја води царинската постапка го применува Законот за општата управна постапка.

Согласно член 250 став (1) од Царинскиот закон, увозните или извозните давачки се враќаат доколку се утврди дека кога тие биле платени нивниот износ не претставувал долг според закон или дека износот бил дополнително евидентиран во царинската евиденција спротивно на членот 234-а став (2) од овој закон.

Според став (2) од овој член, увозните или извозните давачки се простуваат доколку се утврди дека кога тие биле евидентирани во царинската евиденција, нивниот износ не претставувал долг според закон или дека износот бил евидентиран во сметководствена евиденција спротивно на членот 234-а став (2) од овој закон.

Согласно став (3) од овој член, враќање или простување не се одобрува кога фактите кои довеле до плаќањето или евидентирањето во царинската евиденција на износ кој не претставувал долг според закон, се резултат на намерна постапка на засегнатото лице.

Во ставот (4) на овој член е утврдено дека увозните или извозните давачки се враќаат или простуваат со поднесување на барање до царинскиот орган во рок од три години од денот кога должникот бил известен за износот на тие давачки, а според став (5) на овој член, рокот од ставот 4 на овој член се продолжува доколку засегнатото лице обезбеди докази дека било спречено да го поднесе барањето во предвидениот рок поради непредвидливи околности или виша сила.

Според став (6) од истиот член, кога во рокот од ставот 4 на овој член царинскиот орган самиот ќе открие постоење на една од ситуациите наведени во ставовите (1) и (2) од овој член враќањето или простувањето го извршува по службена должност.

Оттука, согласно погоре наведеното се смета дека се неосновани наводите за противуставност на одредбите од член 250 став (4) од Царинскиот закон, во смисла дека се во спротивност со владеењето на правото, од причини што законодавецот предвидел можност за продолжување на рокот од три години од денот кога должникот бил известен за износот на тие давачки, доколку засегнатото лице обезбеди докази дека било спречено да го поднесе барањето во предвидениот рок поради непредвидливи околности или виша сила (член 250 став (4) од Царинскиот закон).

Исто така, оспорените одредби од член 250 став (4) од Царинскиот закон се потполно усогласени со законодавството на Европската Унија, односно со член 121 од Регулативата бр.982/2013 на Европскиот парламент и Советот од 9 октомври 2013 година.

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека член 250 став (4) од Царинскиот закон е во спротивност со член 199 став (3) од Законот за облигационите односи, според кој обврската за враќање, односно надомест на вредноста настанува и кога нешто ќе се прими со оглед на основот што не се остварил или кој подоцна отпаднал.

Меѓутоа, ќе треба да се има предвид дека не се работи за облигационен однос на договорни страни за да би можел да се примени Законот за облигациони односи, туку за обврска која произлегува од член 33 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон. Ова дотолку што, увозните и извозните давачки претставуваат јавни давачки кои должникот кој е одговорен за плаќање на царинскиот долг, ги плаќа при увоз, односно извоз на стока.

Воедно, подносителот на Иницијативата немал во предвид дека со член 7 став (1) од Царинскиот закон, е регулирано дека ако со овој закон поинаку не е определено, царинскиот орган што ја води царинската постапка го применува Законот за општата управна постапка, како и немал предвид дека согласно член 137 став (1) од Законот за општата управна постапка, кога врз основа на управен акт е спроведено извршување, а управниот акт подоцна е поништен или изменет, извршеникот има право да бара предметот на извршувањето да се врати во поранешна состојба, односно да бара надомест на штета, а согласно став (2) на истиот член, јавниот орган што го донел налогот за извршувањето решава за барањето на извршеникот преку управен акт.

Подносителот на Иницијативата неосновано наводите ги темели единствено врз основа на поединечен управен акт на Царинската управа У.бр.723/12-4 од 22.10.2020 година, кој сѐ уште е предмет на управен спор со оглед дека подносителот има поднесено жалба до Вишиот управен суд против посочената Пресуда на Управниот суд У-6 бр.1976/2020 од 30.3.2020 година и истото е пропуштено да се наведе во Иницијативата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 250 став (4) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 250 став (4) од Царинскиот закон.

## Точка 50

Владата ја разгледа Понудата од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.709 за КО Мажучиште, на КП бр.1874/2, викано место/улица „Село“, Имотен лист бр.853 за КО Мажучиште, на КП бр.1874/1, КП бр.1871/2 и КП бр.1871/3 викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.548 за КО Мажучиште, на КП бр.1874/2, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Димановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94036 за КО Битола 4, на КП бр.5127 и КП бр.5142/1, викано место/улица „Довлеџик“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13096, за КО Сарај на КП бр.12139/3, викано место/улица „Сарај“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.36600 за КО Прилеп, на КП бр.8551 и Имотен лист бр.36382 за КО Прилеп, на КП бр.8550, викано место/улица „Мерите“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Дејан Костовски од Охрид, доставено под И.бр.8/2022, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.93678, Имотен лист бр.188295 и Имотен лист бр.188445 за КО Охрид 2 и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

1. Владата го разреши Насер Нуредини од должноста член на Комисијата за именување.

1.1 Владата ја именува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање за член на Комисијата за именување.

2. Владата го разреши Беким Сали од должноста член на Комисијата за станбени прашања.

2.1 Владата го именува Фатмир Меџити, министер за здравство за член на Комисијата за станбени прашања.

3. Владата од должноста членови на Комисијата за приватизација ги разреши: -
Адмирим Алити
- Беким Сали

3.1 Владата за членови на Комисијата за приватизација ги именува:
- Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација
- Фатмир Меџити, министер за здравство

4. Владата од должноста членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој ги разреши:
- Беким Сали

- Адмирим Алити

4.1 Владата за членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој ги именува:
- Фатмир Меџити, министер за здравство
- Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација

5. Владата го разреши Насер Нуредини од должноста член на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

5.1 Владата ја именува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање за член на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

6. Владата од должноста членови на Комисијата за политички систем ги разреши:
- Никола Тупанчески
- Адмирим Алити

6.1 Владата за членови на Комисијата за политички систем ги именува:
- Кренар Лога, министер за правда
- Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:
-Лулјета Адили Челику
- Фикрет Ибраими

7.1 Владата го именува Фикрет Ибраими за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.
8. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, поради истек на мандатот ги разреши:
- Висар Села
- Марина Прентоска
- Сашо Јанчевски

8.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем ги именува:
- Сашо Јанчевски
-Лидија Неданоска

9. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје, поради истек на мандатот ги разреши:
- Алмедина Шаќири
- Селма Јашари

9.1 Владата ја именува Селма Јашари за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје.

10. Владата ја разреши Марија Костова од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште ДСУ за образование и рехабилитација „Искра“, Штип, на нејзино барање.

10.1 Владата ја именува Слободанка Момчилова за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште ДСУ за образование и рехабилитација „Искра“, Штип.

11. Владата го разреши Зоран Саздовски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, на негово барање.

12. Владата ја разреши Весна Паришко од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола, на нејзино барање.

12.1 Владата ја именува Кристина Наумчевска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола.

13. Владата ја разреши Снежана Петрушев од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Пробиштип, стручен работник од Центарот за социјална работа, поради постоење на состојба на судир на интереси.

13.1 Владата ја именува Каролина Кузева за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа-Пробиштип, стручен работник од Центарот за социјална работа.

14. Владата на Владимир Пивоваров му утврди престанок на функцијата координатор на Националниот координативен центар за гранично управување, поради истек на мандатот за кој е именуван.

15. Владата го именува Владимир Пивоваров за вршител на должноста координатор на Националниот координативен центар за гранично управување, сметано од 1 март 2023 година, досегашен координатор на Центарот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

16. Владата заклучи да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на координатор на Националниот координативен центар за гранично управување.

**Точка 56**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 февруари 2023 година до 22 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кипровска Лукиќ против Северна Македонија А.бр.37953/13 и А.бр.48643/16).

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 16 февруари 2023 година до 22 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата по повод заклучоците усвоени на Петтата седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, одржана на 28 февруари 2023 година, заклучи:

1) Врз основа на член 6 став (2) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21) и член 1 од Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Комитет за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија на 28 февруари 2023 година Владата го задолжи правниот трансакциски советник (преговарачки тим) за изградба на автопатските делници од проектот задолжен за преговарање на сите детали и услови на Договорот за градење за проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 Д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, за исходот од истите да состави извештај, кој ќе го достави на разгледување и одобрување до Комитетот за преговори до 15 март 2023 година.

2) Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Комитет за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**5.** По повод состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација кој треба да се одржи на 18 март 2023 година во Скопје и Охрид, Владата формира работна група за организација и координација на истиот во состав:

- м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија,- Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија,

- Хавуше Лесковица-Исмаили, шеф на Кабинетот на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,

-Мартин Попов, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

- Александар Нацевски, претставник од Министерството за внатрешни работи,

- Едмонд Адеми, советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за надворешни работи,

-Ели Бојаџиеска-Ристески, советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за надворешна политика,

- Сања Богатиновска-Давковска, претставник од Секретаријатот за европски прашања и

- Мемет Жаку, претставник од Министерството за надворешни работи.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 16 февруари 2023 година до 22 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата ја одложи од разгледување Ургенцијата за обезбедување финансиски средства неопходни за оперативност на Европскиот број за итни повици 112, поради потребата истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, по претходно обезбедено мислење од Министерството за финансии.

**<u>Точка 57</u>**

Владата го разгледа Извештајот за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација за периодот октомври-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 58</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 59</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за четврти квартал 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за работата на  Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица"-Пробиштип за период од 1 јули 2022 година до 30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, за период од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес за периодот октомври-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.4.2022 година до 30.6.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Преземени мерки и политики од страна на Република Северна Македонија/надлежни органи со цел ублажување на климатските промени", како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот на Општина Велес за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-7523/1 од 30.8.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии, Владата заклучи нераспределените средства Општина Велес да ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот на Општина Градско за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот на Општина Арачиново за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-7523/1 од 30.8.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година (за исплата на штета од елементарни непогоди), како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот за родовите прашања во последните две децении во Република Северна Македонија, како материјал за информирање и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од повторно отворање на дописнички места на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција"-Скопје во Брисел, Вашингтон и Атина и продолжување на соработката со соработници во Софија, Париз, Белград и Приштина, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во координација со Министерството за финансии, со ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија, во текот на 2023 година, да обезбедат четири милиони денари за непречено функционирање на дописничките места.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон Криволак.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за изведување на вежбовна активност „CMX 23" во Република Северна Македонија.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CMX 23 (Crisis Management Exercise)" во Кралството Белгија.

**Точка 75**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за подготовка на билатерални состаноци од Кластер 2 Внатрешен пазар -Поглавје 2 Слободно движење на работници, Поглавје 9 Финансиски услуги, Поглавје 28 Заштита на потрошувачи и јавно здравје и Поглавје 8 Политика на конкуренција.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски средства за функционирање на националните установи од областа на културата и за исплата на партиципации, котизации, контрибуции кои произлегуваат од членство во меѓународни организации за 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура потребните финансиски средства во износ од 109.800.000 денари да ги обезбеди во раздел 18010-Финансирање на дејностите од областа на културата со прераспределба на средства помеѓу расходните ставки и програми која ќе биде во целост одобрена од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за финансии средствата во износ од 109.800.000 денари да ги обезбеди во текот на 2023 година во Буџетот на Министерството за култура, во раздел 18010-Финансирање на дејностите од областа на културата со Ребаланс на Буџетот за 2023 година или со Одлука за прераспределба помеѓу буџетските корисници и фондовите, а Министерството за култура да ја разгледа можноста да ги обезбеди потребните финансиски средства за функционирање на националните установи од областа на културата и за исплата на партиципации, котизации, контрибуции кои произлегуваат од членство во меѓународни организации за 2023 година, со прераспределба во рамките на сопствениот буџет.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата со споредбена анализа за потрошена електрична енергија од државните институции за ноември и декември 2022 и јануари 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИЛ бр.49261).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИЛ бр.45051).

**Точка 80**

Владата го разгледа Акцискиот план за елиминирање на субвенциите во секторот за електрична енергија во Република Северна Македонија во период од 2023 до 2026 година (работна верзија) и притоа заклучи:

1. Ја усвои работната верзија на Акцискиот план за елиминирање на субвенциите во секторот за електрична енергија во Република Северна Македонија во период од 2023 до 2026 година.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да подготви и до наредната седница на Владата да достави конечна верзија на Акцискиот план за елиминирање на субвенциите во секторот за електрична енергија во Република Северна Македонија во период од 2023 до 2026 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ја информира Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд за Програмата за ликвидност и претпазливост.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:35 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**